**Барање 23-1985/1**

1.Дали општината има пропоишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина соглано чл.17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?

2.Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина(чл.45см. 5 од Законот за животна средина)?Ако да, ве молиме ве молиме доставите ни го последно донесениот извештај)?

3.Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола?(чл.123 од Закон за животна средина)?

4.Дали општината има вработено овластени инспектори за животна срединана општината?Ако да,колку овластени инспектори има?

5.Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животна средина во смисла на член 34 од Законот за животна средина ?Ако е формирана кој ја сочинува , кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?

6.Дали општината има донесено локален акционен план за животна средина соглано чл.60 од Законот за животна средина ?Ако има динесено ве молиме доставите ни преморок од документот.Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?Кој го сочинува телото за следење на имплаементацијата на ЛАП-от за животна средина?

7.Дали општината има усвоено Локалана агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл.186 ст.3 и 4 од Законот за животна средина?Ако да ве молиеда ни доставите примерок.Дали во изработка учествуваа лица под 30 години или младински организации?

8.Дали на територијата на општината постои заштитно подрачје согласно Законот за заштита на природата?Ако има доставете листа од заштитните подрачја.

9. Дали во општината е формирано парцитипативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање?Ако е формирано кој го сочинува?Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?

10.Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет?Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.

11.Дали отштината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.

12.На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?

13.Доколку општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и

дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите

**Одговор 23-1985/2**

1. Остварување на правото на пристап до информации се обезбедува врз основа на член 18 и член 19 од Статутот на Општина Кавадарци,

Линк до Статут на Општина Кавадарци https://kavadarci.gov.mk/opshti-akti/

Линк до веб страната на Општина Кавадарци http://www.kavadarci.gov.mk/

2. ДА, Општина Кавадарци има изработено извештај за состојбата на животната средина и тоа последно донесен е Годишниот извештај за состојбата на животна средина во Општина Кавадарци за 2021 година и истиот Ви го испраќам во прилог.

3. ДА, Општина Кавадарци ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

4. ДА, Општина Кавадарци има вработено 1 (еден ) овластен инспектор за животна средина.

5. ДА, во рамки на општината има формирано локална мрежа за мониторинг на животната средина.Мониторингот за квалитет на воздух се следи преку 2 (две) мерни станици поставени од Министерството за животна средина и 3 (три) мерни станици поставени од лабораторијата АМБИКОН при Универзитетот "Гоце Делчев"- Штип.

6. ДА, Општина Кавадарци има донесено ЛЕАП-Локален еколошки акционен план за животна средина согласно член 60 од Закон за животна средина.Локалниот акционен план можете да го најдете на официјалната веб страна на Општина Кавадарци.Линк до Локалниот акционен план https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/LEAP.pdf

Во изработка на планот учествуваа лица под 30 години,а телото за следење на имплементацијата на ЛЕАП-от го следат изготвувачите на планот.

7. НЕ, Општина Кавадарци нема усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно член 186 ст.3 и 4 од Законот за животна средина.

8. ДА, на територијата на Општина Кавадарци постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата и тоа: Заштитна зона "Лукар" и Заштитна зона "Тиквеш".

9. ДА, во Општина Кавадарци е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање, кое го сочинуваат Комисија за урбанистичко планирање и стручни лица овластени од страна на Општина Кавадарци за урбанистичко планирање. Во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години.

10. Мандатот на последниот локален младински совет во рамки на Општина Кавадарци е истечен, а новиот младински совет е во постапка на формирање.

11. НЕ, Општина Кавадарци нема донесено локална стратегија за млади

12. Општина Кавадарци обезбедува учество на претставници на младите во креирањето на политики на локално ниво преку формирањето на младински совет и младински центар.

13. Општина Кавадарци располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината,а истата ви ја испраќам во прилог.